Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/2015, 192/2015, 39/16, 99/18 и 89/22), Министерството за транспорт, на ден 17.04.2025 година, донесе:

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена на животната средина

1. За планскиот документ Урбанистички план за подрачја и граби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет поголем од 10MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци, што се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.
2. Одлуката заедно со формуларот за определување на потреба од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена на животната средина се објавува на интернет страната на министерството за транспорт: www.mtc.gov.mk.
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена на животната средина, донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за подрачја и граби од државно значење за изградба на ветерен парк (за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет поголем од 10MW) во општина Штип, општина Радовиш и општина Карбинци, нема да има значително влијание врз животната средина од следните причини:
    a. За доминантен дел од просторот што е предмет на урбанизација веќе постои во моментов важечки урбанистички план – Државна урбанистичка планска документација (ДУПД) за изградба на фарма на ветерници Штип, во општините Штип, Радовиш и Карбинци[1].
    b. За ДУПД за изградба на фарма на ветерници Штип, во општините Штип, Радовиш и Карбинци претходно е спроведена постапка на стратегиска оцена на животната средина[2] и добиено позитивно мислење[3] од надлежниот орган, Министерство за животна средина и просторно планирање.
    c. За проектот предвиден со планскиот документ, спроведена е постапка за оценка на влијанието врз животната средина и има важечко решение за

[1] Одобрена од Министерство за транспорт и врски, со Решение број 16-2003/1 од 04.03.2011 година
[2] Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Државна урбанистичка планска документација за фарма за ветерници, Октомври 2010 година, Деконс Ема, друштво за еколошки консалтинг
[3] Арх.бр. 08-10493/2 од 24.11.2010 год.

одобрување од надлежниот орган, Министерство за животна средина и просторно планирање[4].

d. Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за производство на значаен обем на чиста енергија притоа резултирајќи со избегнување на ослободување на преку 988.000 тони CO2-eq годишно и избегнување на влијанија врз квалитетот на воздухот,
e. Значаен придонес во инфраструктурата за обновливи извори на енергија во земјата,
f. Петкратно зголемување на инсталираниот капацитет на ветер во Северна Македонија,

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 денови од денот на објавување на одлуката на интернет страна.

Бр. 07-1215/11

Датум: 17.04.2025 година

Место: Скопје

**Министер за транспорт**

**Александар Николоски**

[4] Бр. УП1-11/4-210/2024